**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Сурoји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот В.Б. од Т., по одржаната расправа во согласност со членот 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 3.2.2025 година, го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот В.Б. од Т, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 12) од Закон за нотаријатот, поради тоа што на ден 26.5.2023 година, под УЗП бр.5846/2023, презела нотарско службено дејствие за заверка на потписи на договорните страни во Преддоговорот за купопродажба на недвижност, склучен на ден 6.5.2023 година, меѓу В.М од Т., како продавач, и А.А. од Т., преку полн. Х.А од Т., како купувач, на недвижниот имот детално опишан во член 1 од реддоговорот, иако преддоговорот за купупродажба на недвижност, спротивно на членот 56 став (3) од Законот за нотаријатот, не е составен од адвокат и не содржи адвокатски печат и потпис, поради што се казнува со **парична казна** во износ од 2.500 (две илјади и пет стотини) евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

**Претседател на Советот,**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;